ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА
# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ
# ЗА 2020 ГОДИНА НА
# ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ИЗГРАДБА НА ИНФРАСТРУКТУРНИ ОБЈЕКТИ “КУМАНОВО ГАС” КУМАНОВО

01 2021 10 04

Скопје, април 2022 година

# С О Д Р Ж И Н А


| Опис | Страна |
|---|---|
| КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР | 1 - 16 |
| Финансиски извештаи за 2020 година | |
| Биланс на успех | 17 |
| Биланс на состојба | 18 |
| Преглед на промени на капиталот и резервите | 19 |
| Извештај за паричниот тек | 20 |
| Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи | |
| Вовед | 21 - 23 |
| Сметководствени политики | 23 - 30 |
| Образложенија кон финансиските извештаи | 30 - 38 |

**Прилог бр.1**

Забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор

Одговор на забелешките на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор

Кратенки користени во извештајот:

РСМ – Република Северна Македонија

ЈП - Јавно претпријатие

МСС - Меѓународни сметководствени стандарди

МСЕ - Мали и средни ентитети

МСФИ - Меѓународен стандард за финансиско известување

УО - Управен одбор

ФИ - Финансиски извештаи

в.д. - вршител на должност

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

Број:17-635/5

Дата: 26.04.2022

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме


Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Јавното претпријатие за изградба на инфраструктурни објекти „Куманово гас“ Куманово за 2020 година.

Со извршената ревизија за 2020 година изразивме неповолно мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи за 2020 година и за усогласеност со законската регулатива, упатства и воспоставени политики.

Не е вршена ревизија, ниту сме издале извештај за финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на ЈП “Куманово гас” Куманово, за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

Со извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизијата на усогласеност кај ЈП „Куманово гас“ Куманово за 2020 година констатирани се одредени состојби меѓу кои позначајни се:

- дизајнираните контролни активности поврзани со економските операции не се имплементирани, односно не е назначено лице за контрола, ниту е пропишан начинот на нарачка, прием, издавање, евидентирање и следење на залихите на суровини и материјали;
- сметководствените политики кои се применети во изготвувањето на финансиските извештаи за 2020 година, не се пропишани од страна на претпријатието;
- делот на интерните акти и начинот на пресметка на плата не се усогласени во целост со важечките законски прописи;
- за средствата добиени на трајно користење без надомест, применет е несоодветен сметководствен третман;

- пописот на средствата и изворите на средства за 2020 година не е целосно и правилно спроведен;
- важноста на склучените договори за јавни набавки не соодветствува со условите предвидени во тендерската документација.

Во насока на надминување на утврдените состојби, ревизијата даде препораки со цел преземање на мерки и активности од надлежните лица и органи во функција на подобрување на состојбите.

Во делот Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет, ревизијата истакнува дека не е спроведена постапка за избор на директор на претпријатието, а во континуитет в.д. директорот и градоначалникот на општината како основач, немаат склучено договор за уредување на меѓусебните права, одговорности и овластувања.

Во единствениот трговски регистар и регистар на други правни лица при Централниот регистар на РСМ, извршен е упис на основната главнина на ЈП "Куманово гас" Куманово во износ од 123.131 илјада денари, од кои 24.012 илјади денари се непаричен влог во челичните цевки, кој е упишан врз основа на Одлука донесена од Советот на Општина Куманово, но преносот на стварите не е извршен во законски предвидениот рок.

Во однос на проширување на гасоводната мрежа на територијата на Општина Куманово, како еден од позначајните проекти во овој период ја истакнуваме изградбата на комплетно нова дистрибутивна гасоводна мрежа, нова гасна котлара и поставување на гасна опрема во Општа болница Куманово, која во изминатиот период користела нафта како енергенс за затоплување и била еден од најголемите загадувачи на амбиентниот воздух.

Во делот на останати прашања, обелоденивме состојба која се однесува на системска слабост на Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост, во однос на начинот на давање на користење на стварите во општинска сопственост, од аспект на дополнување на законското решение со кое ќе бидат опфатени и правните лица основани од општината.

Од страна на поранешниот в.д. директор на ЈП „Куманово гас" Куманово добиени се забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор, истите се разгледани и не се прифатени, од причина што не се добиени дополнителни докази кои би имале влијание на промена на констатациите во извештајот, а дел од нив претставуваат известување за преземени активности за надминување на утврдените состојби.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна од 17 до 20 заедно со ревизија на усогласеност на Јавното претпријатие за просторни и урбанистички планови „Куманово гас“ Куманово кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември (Извештај за финансиската состојба), Биланс на успех за годината која завршува со тој датум (Извештај за добивка или загуба), Преглед за промени на капиталот и резервите за 2020 година, Извештај за паричниот тек и применетите сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2021 година согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале извештај за финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на ЈП “Куманово гас” Куманово, за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на ЈП „Куманово гас“ Куманово застапувано од:

- Никола Денковски, в.д. директор од 20.09.2018 година.

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.5. Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.
Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме

разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека ревизорските докази кои што ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

## 2. Цели, заснованост и период на вршење на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Северна Македонија.

2.3. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 03.11.2021 до 31.12.2021 година кај ЈП „Куманово гас" Куманово од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија одржан на 26.01.2022 година.

На ден 06.04.2022 година, од страна на поранешниот директор на ЈП „Куманово гас" Куманово добиени се забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор. Забелешките се однесуваат на состојбите утврдени во точките 3.2.1, 3.2.2, 3.3.1, 3.3.2, 5.1, 5.2 и 6.1. Истите се разгледани и не се прифатени, од причина што не се добиени дополнителни докази кои би имале влијание на промена на констатациите во извештајот, а дел од нив претставуваат известување за преземени активности за надминување на утврдените состојби.

Текстот на забелешките и одговорот на ревизијата се дадени во Прилог кон овој Конечен извештај.

Констатирани се следните состојби:

### 3.1. Внатрешни контроли

3.1.1. Со извршената проверка на системот на внатрешни контроли во работењето на ЈП „Куманово гас" Куманово, ревизијата ги утврди следниве состојби:

- Јавното претпријатие има донесено процедури за движење на документацијата и за начинот на вршење на безготовинското плаќање со дизајнирани контролни активности, но истите не функционираат, од причина што претпријатието не е кадровски екипирано и не постои разграничување на должностите на лицата вклучени во процесите;
- ЈП "Куманово гас" Куманово нема донесено процедура за активностите поврзани со процесот на нарачка, прием, издавање, евидентирање, потрошок и начин на следење на залихите на суровини и материјали;
- Отсуствува потврда за извршената контрола врз целосноста, комплетноста и точноста на податоците во влезните и излезните документи, од причина што не е назначено лице за контрола и лице кое ќе врши следење на реализацијата на склучените договори со економските оператори по спроведените постапки за јавни набавки.

Не преземените мерки и активности за целосно воспоставување и функционирање на системот на внатрешни контроли во одделни процеси од работењето предвидени со Стандардот 12 – Процедури, Стандард 13 – Поделба на должностите и Стандард 14 - Надзор, создаваат ризик во трговските книги да се евидентираат трансакции кои не се веродостојни, комплетни и точни.

**Препорака:**

Надлежните органи на управување и раководење со претпријатието да преземат мерки и активности за:

- создавање услови за соодветно разграничување на одговорностите на лицата вклучени во финансиските активности;
- изработка и донесување на процедура со која ќе се регулираат условите и начинот на нарачка, прием, издавање, евидентирање, потрошок и начинот на следење на залихите на суровини и материјали;
- назначување одговорни лица кои ќе вршат проверка на комплетноста и точноста на податоците во влезните и излезните документи и следење на реализацијата на склучените договори со економските оператори по спроведените постапки за јавни набавки.

## 3.2. Усогласеност со закони и прописи

3.2.1. Ревизијата констатира одредени слабости во однос на обврската на јавното претпријатие за водење на сметководството, составување на годишна сметка и финансиски извештаи и нивната транспарентност во известувањето и тоа:

- ЈП „Куманово гас" Куманово нема донесено сметководствени политики кои се применуваат во изготвувањето, презентирањето и обелоденувањето на финансиските извештаи на претпријатието, кои треба да бидат усогласени со барањата за составување на финансиските извештаи, согласно Оддел 2 - Концепти и преовладувачки принципи и Оддел 10 - Сметководствени политики, проценки и грешки од МСФИ за МС, што може да влијае на објективното презентирање на финансиските извештаи.

  Во текот на ревизијата изготвени се сметководствени политики кои се усвоени од страна на УО со Одлука[1] и ќе се применуваат во наредниот период.
- На веб страната на претпријатието не е објавена годишната сметка, во рок од 15 дена од денот на нејзиното доставување до Централниот регистар, што не е во согласност со член 7а, став (1) од Законот за јавни претпријатија, ниту кварталните извештаи кои содржат показатели за финансиското работење, најдоцна 30 дена по истекот на тримесечјето, што не е во согласност со член 5 став 4 од Законот за јавните претпријатија. Ваквата состојба ја намалува транспарентноста во работењето на претпријатието.

**Препорака:**
Надлежните лица во претпријатието да ги имплементираат донесените сметководствени политики, а годишната сметка и кварталните извештаи да ги објавуваат на својата веб страница во законски утврдените рокови.

3.2.2. Од извршениот увид во документацијата поврзана со пресметка и исплата на плата на вработените во јавното претпријатие, ревизијата ги констатира следниве состојби:

- Во периодот од месец јануари до месец август 2020 година начинот на

[1] Одлука за усвојување на Сметководствени политики бр.02-642/1 од 12.11.2021 година.

пресметка и исплата на плата во ЈП "Куманово гас" Куманово е врз основа на број на бодови за секое работно место утврдени во Правилник за внатрешна организација и систематизација на работни места[2] и паушален износ за храна и превоз. Од страна на Управниот одбор на јавното претпријатие во месец август 2020 година донесен е Правилник за плати, кој не е усогласен со законската регулатива во делот на основната компонента на плата за ниво. За административните службеници (подгрупа јавни службеници), делот на плата за нивото на кое се распоредени, се вреднува со број на бодови за секое ниво, кои не се во согласност со бодовите предвидени во членот 87 став 3 од Законот за административни службеници.

- За тековната 2020 година, пресметувањето на плата во ЈП "Куманово гас" Куманово се врши врз основа на Одлука за усогласување на вредноста на бод, донесена во месец октомври 2019 година од страна на Управниот одбор, за која нема обезбедено согласност од основачот, што не е во согласност со член 11 став 1 точка 6 од Законот за јавни претпријатија. Исто така, ваквиот начин на постапување не е во согласност со член 88 од Законот за административни службеници, кој предвидува вредноста на бодот за пресметување на платите на јавните службеници да се утврдува секоја година, во рок од десет дена од денот на влегувањето во сила на финансискиот план на јавното претпријатие, а во рамките на предвидениот буџет, врз основа на вкупниот број на административни службеници распоредени по соодветните нивоа за тековната година.
- При пресметување на правото на надоместок на плата за време на привремена спреченост за работа поради болест, основица за пресметување на надоместокот на плата не претставува просечниот месечен износ на исплатената плата на која е платен придонесот за задолжителното здравствено осигурување во последните дванаесет месеци пред настанувањето на случајот, туку вредноста на часот за тековниот месец, што не е во согласност со член 16 од Законот за здравствено осигурување.
- Во услови кога вработените користат надоместокот на плата (боледување), за пресметка на делот на плата за работен стаж се земаат и часовите за времето поминато на боледување, што не е во согласност со член 5 и 19 од Правилникот за плата, надоместоци на плата и други примања на вработените во ЈП „Куманово гас" Куманово[3].

Состојбите констатирани во делот на интерните акти за пресметка на плата доведува до неправилна пресметка и исплата на плата на вработените во јавното претпријатие и отстапување на платите согласно важечката законска регулатива, а пресметката во услови кога вработените користат боледување

[2] бр.02-435/2 од 22.08.2013 година
[3] бр.02-319/1 од 30.07.2020 година

доведува до исплата на поголеми парични средства на годишно ниво, а со тоа и реализација на поголеми трошоци за плата.

Препорака:

Одговорните лица на претпријатието да преземат мерки и активности за:

- усогласување на Правилникот на плати со важечките законски прописи во делот на основната компонента на плата за ниво;
- доставување предлог до основачот за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во законски предвидениот рок;
- при пресметување на правото на надоместок на плата за време на привремена спреченост за работа поради болест, основица за пресметување на надоместокот на плата да преставува просечниот месечен износ на исплатената плата на која е платен придонесот за задолжителното здравствено осигурување во последните дванаесет месеци пред настанувањето на случајот;
- пресметката на делот на плата за работен стаж кога вработениот користи боледување, да се пресметува согласно Правилникот.

## 3.3. Финансиски извештаи

3.3.1. Советот на Општина Куманово за потребите на јавното претпријатие во февруари 2020 година донел Одлука за давање на трајно користење на движна ствар (патничко моторно возило) сопственост на Општина Куманово на ЈП "Куманово гас" Куманово[4]. Возилото е примено со Записник за примопредавање на движни ствари[5] со сегашна вредност од 126 илјади денари, согласно евиденцијата на општината и истото е евидентирано во Билансот на состојба на позицијата транспортни средства.

Имајќи во предвид дека е извршен пренос на средството добиено на трајно користење без надомест, претпријатието кое стопанисува со него и го одржува, треба да го примени приходниот пристап, односно за вредноста на ова средство потребно е да искаже зголемување на сметката за одложено признавање на приходи, при што согласно Оддел 24 од МСФИ за МСЕ, во текот на годината ќе се искаже приход во висина на годишната пресметка на амортизацијата, а не за целиот износ на вредноста на средството. Оваа пресметка ќе предизвика намалување на сметката за одложено признавање на приходите во период на корисниот век на употреба на средствата. Несоодветниот сметководствен третман на државната поддршка кое ја има добиено претпријатието во вид на средство има влијание на реалната состојба на искажаните позиции во Билансот на состојба и Билансот на успех и влијае врз финансискиот резултат.

[4] бр. 09-1241/29 од 11.02.2020
[5] 24.02.2020годин

Препорака:

Одговорното лице на ЈП Куманово гас Куманово да преземе активности, за добиената државна поддршка која се однесува на основни средства, да го користи приходниот пристап согласно Оддел 24 од МСФИ за МСЕ.

3.3.2. Пописот на средствата и обврските со состојба на 31 декември 2020 година не е извршен на начин предвиден со одредбите наведени во член 473 од Законот за трговски друштва и Правилникот за начинот на вршење на попис на средствата и обврските и усогласување на сметководствената со фактичката состојба утврдена со пописот, од следниве причини:

- Јавното претпријатие нема донесено посебен акт со кој ќе го утврди начинот на вршење попис кој одговара на специфичностите на неговата дејност и на карактеристиките на средствата и обврските кои се предмет на пописот што не е во согласност со член 5 од Правилникот;
- За претседател на пописна комисија, назначено е лице вработено во одделението за сметководство и плаќање, со што лицето задолжено за водење на сметководството и деловните книги како претседател на пописната комисија врши усогласување на фактичката со сметководствената состојба. Не разграничувањето на должностите не е во согласност со член 8 став 2 од Правилникот, кој предвидува дека вработените кои се овластени да одлучуваат за набавката, трошењето, продажбата, плаќањето и за други постапки врз основа на кои доаѓа до зголемување или намалување на состојбата на средствата и обврските не смеат да бидат назначени за членови на пописната комисија;
- Во пописните листи од извршениот физички попис на материјалните средства, не е внесена вредноста на средствата, поради што не е извршено вредносно усогласување меѓу сметководствената и фактичката состојба на попишаните средства и утврдување на евентуалните разлики (кусок/вишок), предвидено во член 11 од Правилникот;
- Не е извршен попис на побарувањата за повеќе платен данок на добивка, останати побарувања и активни временски разграничувања, што не е во согласност со член 4 став 1 од Правилникот.

Поради наведеното, ревизијата констатира дека не е извршено целосно и правилно усогласување на сметководствената со фактичката состојба утврдена со пописот на состојбата на средствата и обврските, што има влијание на искажаните состојби во трговските книги и финансиските извештаи за 2020 година.

Препорака:

Надлежните органи на управување и раководење со претпријатието да преземат активности и мерки за донесување на интерен акт за вршење на попис кој одговара на специфичностите на неговата дејност, да ги задолжат

пописните комисии да направат целосен попис на средствата и обврските и да извршат усогласување на сметководствената со фактичката состојба на начин пропишан со Правилникот.

## 3.4. Користење на средствата согласно законските прописи

### Јавни набавки

Со цел уверување во усогласеноста на користењето на средствата на ЈП „Куманово гас“ Куманово за 2020 година со Законот за јавни набавки, извршивме ревизија на начинот и постапките за доделување на договори за јавни набавки од аспект на законските барања: обезбедување на конкуренција меѓу економските оператори, еднаков третман и недискриминација на економските оператори, транспарентност и рационално и ефикасно искористување на средствата, како и реализацијата на доделените договори за јавни набавки.

Со ревизијата беа опфатени 100% од постапките за јавни набавки спроведени во 2020 година и постапките за јавни набавки спроведени во 2019 година, кои имаат реализација во годината предмет на ревизија. Вкупната вредност на ревидираните договори е во износ од 44.092 илјади денари, од кои 23.492 илјади денари од 2020 година и 20.600 илјади денари од 2019 година.

Од увидот на приложената документација за спроведените постапки и нивната реализација го утврдивме следново:

3.4.1. Со цел реализација на основната дејност на јавното претпријатие во текот на 2019 година спроведени се две постапки за јавни набавки и тоа: набавка на работи - ископ на ров за дистрибутивен гасовод бр. 02/2019 и набавка и монтажа на приклучоци за потрошувачи на природен гас бр.04/2019. За реализација на постапките склучени се два договори[6] со вкупна вредност од 4.600 илјади денари.

Со ревизијата утврдивме дека елементите на договорот не соодветствуваат во целост со елементите во тендерската документација. Во склучените договори со економските оператори во членот 12 утврден е рок на изведување на работите до завршување на обврските кои ги преземале двете договорни страни, кој е спротивен на рокот утврден во Огласот за јавна набавка и точка 7 од тендерската документација, каде е предвидено дека носителот на набавката е должен да го испорача предметот на договорот сукцесивно започнувајќи од денот на склучувањето на договорот до 31.12.2019 година. Исто така, во точката 7.2. од тендерската документација е утврдено дека секоја понуда која содржи рок и место на испорака поинакви од тие утврдени во оваа точка ќе се смета за неприфатлива и како таква ќе биде одбиена од страна на комисијата за јавни набавки.

[6] Договор бр. 03-180/1 22.05.2019 и Договор бр. 03-187/1 од 05.06.2019 година

Како резултат на недефинираната важност на договорот, продолжени се активностите за ископ на ров и набавка и монтажа на приклучоци за потрошувачи на природен гас и во текот на 2020 година и по овој основ извршени се работи во износ од 3.567 илјади денари. Ваквата состојба не е во согласност со член 32 и член 210 став 1 алинеја 3 од Законот за јавни набавки[7] со кои е уредено дека тендерската документација содржи информации во врска со задолжителните одредби од договорот за јавна набавка и не обезбедува еднаков третман и не дискриминација на економските оператори.

Препорака:
Одговорните лица во ЈП „Куманово гас" Куманово при склучување на договорите за јавни набавки, задолжително да ги вклучат условите, предвидени во тендерската документација, а кои се основни елементи на договорот како предмет, цена, рок на важење на договорот, начин и услови на реализација и истите да се почитуваат.

Основ за изразување на мислење

Вкупниот ефект од изнесените точки 3.2, 3.3 и 3.4 кои се основ за изразување мислење, а се однесуваат на:
- недонесени сметководствени политики за изготвување на финансиските извештаи за 2020 година;
- неправилности при пресметка и исплата на плата на вработените во јавното претпријатие;
- несоодветна примена на сметководствениот третман на државната поддршка, за средствата добиени на трајно користење без надомест;
- слабости во спроведувањето на пописот на средствата и изворите на средства за 2020 година;
- слабости при спроведување на јавните набавки и склучените договори.

## 4. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиските извештаи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 3.3 финансиските извештаи не ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на ЈП „Куманово гас" Куманово на ден 31 декември 2020 година, како и финансиската успешност и паричните текови за годината која завршува со тој датум, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

[7] Законот за јавните набавки (Службен весник на РМ, бр. 27/15, бр. 78/2015, бр. 192/15, бр. 27/16, бр. 120/16, бр. 165/17 и бр. 83/18 од 08.05.2018 година)

**Мислење за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките 3.2 и 3.4 активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на ЈП „Куманово гас" Куманово, не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 5. Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет

5.1. Со ЈП „Куманово гас" Куманово раководи в.д директор именуван со Решение[8] од страна на градоначалникот. Општината нема преземено мерки и активности за објавување на конкурс за избор на директор и со решенија истото лице последователно на шест месеци го именува за в.д директор. Ваквиот начин на постапување не е во согласност со одредбите од член 19-а од Законот за јавни претпријатија, со кои е уредено дека градоначалникот на општината, три месеци пред истекот на мандатот на постојниот директор донесува одлука за распишување на јавен конкурс за избор на директор. Исто така, не е испочитувана обврската утврдена во член 24 од Законот за јавни претпријатија за склучување на договор помеѓу директорот и градоначалникот на општината, за уредување на односите со јавното претпријатие, во кој поединечно се утврдуваат правата, одговорностите и овластувањата согласно со закон.

Именувањето на вршител на должност директор во континуитет од три години, без спроведен јавен оглас не обезбедува транспарентност и конкуренција за избор на лице за вршење на оваа функција и има влијание врз управувањето и раководењето со претпријатието. За надминување на ваквата состојба, градоначалникот на Општина Куманово треба да ги преземе потребните активности за спроведување на постапка за избор на директор со кој ќе склучи менаџерски договор за регулирање на меѓусебните права и обврски.

5.2. Во единствениот трговски регистар и регистар на други правни лица при Централниот регистар на РСМ, извршен е упис на основната главнина на ЈП "Куманово гас" Куманово во износ од 123.131 илјада денари. Од вкупната основна главнина 99.119 илјади денари се паричен и 24.012 илјади денари се непаричен влог. Непаричниот влог е упишан врз основа на Одлука[9] донесена во 2007 година од  Советот на Општина Куманово, со која се зголемува основната главнина на јавното претпријатие како непаричен влог - челични цевки со вкупна должина од 6.760 м со дијаметар Ф 159*4.5мм, со вклучен

[8] Решение бр.08-6062/1 од 20.09.2018, 08-1552/2 од 21.03.2019, 08-6483/1 од 23.09.2019, 08-2507/1 од 24.03.2020 и 08-5951 од 25.09.2020 година.

[9] бр.07-6960/4 од 20.07.2007 година

транспорт, монтажа, заварување, ултразвучна и радиогравска монтажа, изолација и проект за поставување на цевките, кои го чинат главниот цевковод за гасификација на град Куманово, чија проценета вредност од страна на овластен проценител, изнесува 24.012 илјади денари.

За реализација на овој проект, Општина Куманово во 2006 година има склучено договор[10] и Анекс[11] со ФЗЦ 11 Октомври, во вкупна вредност од 18.329 илјади денари, средства кои се исплатени од страна на општината, но не е во целост реализиран предметот на договорот. Рокот за завршување на работите согласно договорот е три месеци од денот на воведување во работа. Во период од 2006 - 2009 година доставени се три времени ситуации за изведени 3.454м во вкупна вредност од 9.822 илјади денари. Со извршената процена на проценител[12], вредноста на вградените цевки е 12.271 илјади денари и истите се евидентирани во Билансот на состојба на позицијата основна главнина, а остатокот од 11.741 илјада денари се евидентирани како останати побарувања. При извршениот упис на непаричниот влог во недвижна ствар покрај извештајот на проценителот јавното претпријатие не поседува доказ за сопственост во кој што треба да е извршена прибелешка во јавна книга за евиденција на недвижни ствари согласно Законот за трговски друштва. Исто така, Општина Куманово ја нема испочитувано законската обврска за преносот на стварите (челичните цевки), кои претставуваат основачки влог на претпријатието, да се изврши најдоцна во рок од пет години од денот на уписот на друштвото во трговскиот регистар и истите ги има евидентирано како побарувања во својата сметководствена евиденција. Во изминатиот период, од страна на општината во соработка со јавното претпријатие не се преземени мерки и активности за наплата на побарувањата, односно испорака, транспорт и монтажа на останатите 3.306м челичните цевки.

5.3. Основна дејност на ЈП „Куманово гас" Куманово, согласно Статутот и Одлуката за основање[13] е вршење дејност од јавен интерес, изградба на инфраструктурни објекти, нивно користење и одржување, на територијата на Општина Куманово. Своето работење ЈП „Куманово гас" Куманово го темели на Програма за работа за 2020 година која се финансира со средства добиени од основачот, средства од приклучоци на дистрибутивниот гасоводен систем и средства од дејностите на дистрибуција и снабдување со природен гас.

Во период од 2018 - 2021 година дистрибутивната гасоводна мрежа е зголемена за 5 километри и бројот на корисници на дистрибутивниот гасоводен систем е зголемен за 57%, односно склучени се договори за приклучок и снабдување со природен гас со 122 корисници од кои 91 се физички лица, а 31 се правни субјекти.

[10] бр.03-7543/1 од 03.10.2006 година
[11] бр.03-2148/1 од 23.02.2007 година
[12] Извештај од 17.07.2010 година
[13] Одлука на Совет на Општина Куманово бр.01-15/1 од 20.04.2006 година.

Согласно измените и дополнувањата на Законот за градење[14], во член 73 односно, во делот за градби за кои не е потребно одобрение за градење, во средината на 2020 година направено е дополнување на Правилникот за опремата и содржината на барањето, потребната документација и образецот на решението за изведување на градбите, односно поставување на опрема за кои не е потребно одобрение за градење[15]. Ревизијата истакнува дека задоцнетото донесување на Правилникот и тешкотиите што се јавиле во почетокот на негова примена, при обезбедување на потребната документација за вградување или замена на опрема во градба за внатрешна гасоводна инсталација, го оневозможиле приклучувањето на нови потрошувачи на дистрибутивната гасоводна мрежа во првата половина на годината, што има директно влијание врз работењето на претпријатието. Како еден од позначајните проекти во овој период е изградба на комплетно нова дистрибутивна гасоводна мрежа, нова гасна котлара и поставување на гасна опрема во Општа болница Куманово, која во изминатиот период користела нафта како енергенс за затоплување и била еден од поголемите загадувачи на амбиентниот воздух.

[14] Сл.весник на РСМ бр.244/19 и 18/20

[15] Правилник за опремата и содржината на барањето, потребната документација и образецот на решението за изведување на градбите, односно поставување на опрема за која не е потребно одобрение за градење"




Гасификација на Општа болница Куманово

## 6. Останати прашања

6.1. Со Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост, се уредуваат правата и должностите на државните органи во однос на набавката, користењето и располагањето со стварите во државна сопственост, што како долгорочни средства ги користат државните органи за извршување на работите и задачите во земјата и во странство, освен за стварите што ги користат дипломатско-конзуларните претставништва на РСМ, како и правните лица основани од државата во однос на користењето на недвижни и движни ствари, размената на недвижни и движни ствари, продажбата и давањето во закуп на движни ствари во државна сопственост. Законот ја уредува и постапката за давање на користење на стварите во општинска сопственост на државните органи и на правните лица основани од државата како и постапката за продажба и давање под закуп на недвижни и продажбата на движни ствари во општинска сопственост, како и продажба на ствари за кои е издаден лист за предбележување на градба во корист на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје.

Според одредбата од член 21 од Законот, недвижните ствари во сопственост на општините, општините во Градот Скопје и Градот Скопје, со одлука на Советот на општината, односно Советот на општините во Градот Скопје и Советот на Градот Скопје, може времено или трајно да се дадат на користење, со или без надоместок, на државни органи и на правни лица основани од државата.

Според наведената одредба произлегува дека законот се применува само во случај кога недвижните ствари сопственост на општината се даваат на времено или трајно користење на државни органи или правни лица основани од државата, но не и на институции или правни лица основани од општината.

Во услови кога законското решение не нуди можност на општините да даваат на времено или трајно користење недвижни ствари на правни лица основани од општината, ЈП “Куманово гас” Куманово користи недвижен имот/деловен простор, за кој Општина Куманово има склучено договор за закуп, без да има правен акт донесен од страна на Советот на општината со кои ќе се уредат меѓусебните права и должности, што може да има влијание врз неговото работење.

Во функција на надминување на наведената слабост, ревизијата смета дека е потребно да се изврши измена и дополнување на законското решение за начинот на давање на користење на недвижни ствари во општинска сопственост, што ќе ги опфати и правните лица основани од општината.

ЈП " Куманово гас" Куманово

БИЛАНС НА УСПЕХ ЗА 2020 ГОДИНА

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образложенија | 2020 | 2019 |
|---|---|---|---|
| Приходи од продажба на неповрзани друштва | 3.1 | 12.725 | 14.966 |
| Останати приходи | 3.2 | 380 | 181 |
| **Вкупни приходи од работењето** | | **13.105** | **15.147** |
| Трошоци за суровини, материјали, енергија, резервни делови и ситен инвентар | 3.3 | 9.761 | 11.220 |
| Трошоци за услуги | 3.4 | 472 | 215 |
| Плата, надоместоци на плата и останати трошоци за вработените | 3.5 | 4.651 | 4.552 |
| Трошоци за амортизација | 3.6 | 1.311 | 1.251 |
| Останати трошоци од работењето | 3.7 | 1.123 | 959 |
| Вредносно усогласување (обезвреднување) на нетековни и тековни средства | 3.8 | 20 | - |
| Останати расходи | 3.9 | 830 | 28 |
| **Вкупно расходи од работењето** | | **18.168** | **18.225** |
| Финансиски расходи | 3.10 | 75 | 76 |
| **Загуба од редовно работење** | 3.11 | (5.138) | (3.154) |

ЈП " Куманово гас" Куманово

БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-женија | 2020 | 2019 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства и парични евиваленти | 4.1 | 2.264 | 7.016 |
| Побарувања од купувачи | 4.2 | 3.097 | 3.975 |
| Побарувања за дадени аванси | 4.3 | 2.867 | 2.898 |
| Побарувања од државни органи и институции | 4.4 | 442 | 37 |
| Останати побарувања | 4.5 | 11.741 | 11.741 |
| Платени трошоци за идни периоди и пресметани приходи (АВР) | 4.6 | 120 | 118 |
| Залихи | 4.7 | 801 | 994 |
| **Вкупно тековни средства** | | **21.332** | **26.779** |
| **Нетековни средства** | | | |
| Материјални средства | 4.8 | 30.063 | 27.281 |
| Вложувања во недвижности | 4.9 | 7.102 | 5.453 |
| **Вкупно нетековни средства** | | **37.165** | **32.734** |
| **Вкупна актива** | | **58.497** | **59.513** |
| **Вонбилансна евиденција - Активни сметки** | | **15.557** | **12.245** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.10 | 5.329 | 2.901 |
| Краткорочни обврски за даноци, придонеси и други давачки | 4.11 | 128 | 227 |
| Обврски спрема вработените | 4.12 | 247 | 0 |
| Останати краткорочни обврски и краткорочни резервирања | 4.13 | 45 | 40 |
| Краткорочни финансиски обврски | | 0 | 15.700 |
| Одложени плаќања на трошоци и приходи на идни периоди (ПВР) | 4.14 | 419 | 5 |
| **Вкупно краткорочни и долгорочни обврски** | | **6.168** | **18.873** |
| **Главнина и резерви** | | | |
| Основна главнина - запишан и уплатен капитал | 4.15 | 123.131 | 106.304 |
| Пренесена загуба | 4.16 | (65.664) | (62.510) |
| Загуба од тековна година | 4.17 | (5.138) | (3.154) |
| **Вкупно главнина и резерви** | | **52.329** | **40.640** |
| **Вкупна пасива** | | **58.497** | **59.513** |
| **Вонбилансна евиденција - Пасивни сметки** | | **15.557** | **12.245** |

ЈП " Куманово гас" Куманово

П Р Е Г Л Е Д

ПРОМЕНИТЕ НА КАПИТАЛОТ И РЕЗЕРВИТЕ ЗА 2020 ГОДИНА

во 000 денари

| О П И С | Државен јавен капитал | Пренесена загуба | Загуба за финансиска година | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| **Состојба на ден 01 јануари 2020** | 106.304 | (65.664) | | **40.640** |
| Останати зголемувања | 16.827 | | | **16.827** |
| Загуба од тековна година | | | (5.138) | **(5.138)** |
| **Состојба на ден 31. декември 2020** | **123.131** | **(65.664)** | **(5.138)** | **52.329** |

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИОТ ТЕК ЗА 2020 ГОДИНА

| | во 000 денари |
|---|---:|
| | 2020 |
| ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ОПЕРАТИВНО РАБОТЕЊЕ | |
| НЕТО ДОБИВКА ПО ОДАНОЧУВАЊЕ | (5.138) |
| Амортизација | 1.311 |
| Расходи од минати години | 10 |
| Вредносно усогласување на залихи | 20 |
| Расходи од камати | 75 |
| Вишоци | (105) |
| Приходи од донации | (126) |
| **Готовински текови од работење** | **(3.953)** |
| Побарувања од купувачи | 878 |
| Побарувања за дадени аванси | 31 |
| Побарувања од државни органи и институции | (405) |
| Платени трошоци за идни периоди и пресметани приходи (АВР) | (2) |
| Залихи | 193 |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 2.428 |
| Краткорочни обврски за даноци, придонеси и други давачки | (99) |
| Обврски спрема вработените | 247 |
| Останати краткорочни обврски и краткорочни резервирања | 5 |
| Краткорочни финансиски обврски | (15.700) |
| Одложени плаќања на трошоци и приходи на идни периоди (ПВР) | 414 |
| **Нето готовински текови од оперативно работење** | **(15.963)** |
| | |
| ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ИНВЕСТИЦИОНО РАБОТЕЊЕ | |
| Нематеријални и материјални вложувања | (5.616) |
| **Нето готовински текови од инвестиционо работење** | **(5.616)** |
| | |
| ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ | |
| Капитал | 16.827 |
| **Нето готовински текови од финансиско работење** | **16.827** |
| | |
| НЕТО ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ПАРИЧНИТЕ СРЕДСТВА | **(4.752)** |
| | |
| ПАРИЧНИ СРЕДСТВА НА ПОЧЕТОКОТ НА ГОДИНАТА | **7.016** |
| | |
| ПАРИЧНИ СРЕДСТВА НА КРАЈОТ НА ГОДИНАТА | **2.264** |

ОПШТИНА КУМАНОВО

ЈП КУМАНОВО-ГАС КУМАНОВО
NP KUMANOVE-GAZ KUMANOVE

Јавно претпријатие за изградба
на инфраструктурни објекти
КУМАНОВО- ГАС КУМАНОВО Ц.О
Ndermarrja publike per ndertim te objekteve
KUMANOVE-GAZ KUMANOVE
Ул. Фетка наскова бр.22 1300 Куманово
Тел/фах. 031/433-331
Меил:kumanovogas@gmail.com
Ж-ска: 210060809440142
ЕДБ: MK4017006157178
Депонент: Тутунска Банка-Скопје

Бр.Nr. 03-246/1
01.04.22 год. vib.
КУМАНОВО – KUMANOVE

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar më: | 06.04.2022 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един. Njësia org. | Број Nr. | Прилог Shtojcë | Вредност Vlera |
| | 17-635/4 | | |

**До**
**Државен завод за ревизија**
**Палата Емануел Чучков**
**Ул. Павел Шатев бр.2**
**1000 Скопје**

**Предмет: Известување/Доставување забелешки по Нацрт - извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2020 година на јавно претпријатие за изградба на инфраструктурни објекти „Куманово – Гас“ Куманово.**

Почитувани,

Во врска со „Нацрт - извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2020 година на јавно претпријатие за изградба на инфраструктурни објекти „Куманово – Гас“ Куманово“, детално го разгледавме истиот и согласно Законот за државна ревизија во утврдениот рок од 30 дена ви ги доставуваме следните наши забелешки по истиот и тоа:

**3.2. Усогласеност со закони и прописи**

- **Во потточка 3.2.1.**

➢ Уште на почетокот на процесот на ревизија па се до периодот на изготвување на Нацрт извештајот на ревизорите им беше предочено и познато за целото време дека сметководственото – финансиско работење на претприајтието го води посебен надворешен субјект регистриран за таквата дејност, бидејќи во претпријатието заради немање односно необезбедени финансиски средства за вработување, немаме вработено такви лица за вршење на таа дејност и тие работни задачи, па поради тоа како што наведов погоре тие работни задачи ги врши друг субјект надвор од претпријатието регистриранран и со долгогодишно искуство во таа дејност.

Кварталните и годишните сметки се изготвени од наведениот субјект редовно и согласно законските прописи и сите меѓународните стандарди и тоа Меѓународен стандард за финансиско известување (МСФИ) како и Меѓународните сметководствени стандарди (МСС).

Што се однесува до забелешката за немање на посебен нормативен акт во претпријатието за водење на сметководствената политика таков е донесен како што е констатирано и од ревизорот, меѓутоа дотогаш за претходниот период за овие политики претпријатието водело сметка согласно општиот нормативен акт наосновачот и меѓународните стандарди МСФИ и МСС, а тоа дека е така и дека било исправно водењето на таквите политики наоѓа поткрепа

во тоа што кварталните и годишни извештаи се усвојувани не само во органите на управување туку и Советот на градот Куманово и истите се уредно доставувани до Централниот регистар каде што истите се целосно прифатени што ја исклучува можноста од некакво влијание или на необјективно презентирање на финансиските извештаи, впрочем во вашата забелешка вие констатирате дека сето ова „може да влијае на објективното презентирање на финансиските извештаи" напоменуваме дека сите барани финансиски извештаи било квартални или годишни ви беа навремено доставени на увид заедно со комплетните регистратори односно материјали кои што биле книжени во 2020 годината која што беше и предмет на ревизија, и вие непосредно можевте да се уверите во тоа дека кварталните извештаи и годишната сметка се целосно во согласност со конкретно Одделот 2 и Одделот 10 од МСФИ за МС и како и сите останати Оддели од МСФИ и МСС и целосно и објективно се презентирани и ја одразуваат фактичката состојба во претпријатието.

Заради изнесеното но и по непосредниот увид во кварталните извештаи и годишната сметка од страна на ревизорот, истиот неможел ова да го констатира како недостаток кога очигледно се применувани сите позитивни законски прописи и меѓународни стандарди при изготвување на истите, а што покасно е и нормирано и со посебен нормативен акт во претпријатието.

Особено е битно да се наведе дека сето ова е во согласност со уставниот принцип дека во хиерархијата на правните акти понискиот акт (актот за сметководствени политики) треба да се во согласност со повисокиот преку што се изразува принципот на уставност и законитост.

- Што се однесува на вашата забелешка дека на веб страната на ЈП „Куманово – Гас" Куманово годишните сметки согласно член 7а, став 1 од Законот за јавните претпријатија како и кварталните извештаи согласно член 5, став 4 исто така од Законот за јавните претпријатија не се објавуваат, сметаме дека е невистинита со оглед на фактот дека на веб страната на јавното претпријатие и покрај потешкотиите кои ги имаме од аспект на тоа дека немаме вработено стручно лице - информатичар кој би ја одржувал веб страната ние изнаоѓаме начин и истие уредно биле објавени во закоснките рокови, согласно одредбите од погоре цитираниот закон, а истите се уредно доставувани и електронски и во хартиена форма заедно со одлукте за усвојување на истите од страна на органите на управување на претпријатието до Основачот пред секоја седница на Советот во утврдените законски рокови, каде што истите се усвојуваат. За тоа дали истите се објавени на нивниот веб сајт ние немаме надлежност и немаме увид во тоа.

- **Во потточка 3.2.2**.

- Исто така се забележува од ревизорот за недостатоци во нормативен акт (Правилник за плати на ЈП „Куманово – Гас" Куманово) за одредување на мерила и критериуми при одредување на платите на вработените. Како што и сами нотирате од основање на претпријатието во 2006 година па се до влегување во сила на Законот за административни службеници и Законот за вработените во јавниот сектор подолг временски период а пред моето доаѓање за В.Д Директор, платите на вработените во претпријатието биле пресметувани согласно и врз основа на Правилникот за систематизација на работни места и број на бодови предвидени во истиот како и паушален износ за храна и превоз. По моето доаѓање и по скенирање на состојбите во претпријатието изготвен е нов Правилник за систематизација со арх бр. 02 – 319/1 од 30.07.2020 година за да веднаш потоа во август 2020 година биде изготвен и донесен од страна на Управниот одбор и сосема нов Правилник за плати на претпријатието кој што правилник воопшто и непостоеше дотогаш во претпријатието.

При изготвување на Правилникот за плати строго се применувани одредбите од Законот за администратуивни службеници, Законот за вработените во јавниот сектор, Законот за работни односи и Законот за јавните претпријатија. Извршено е строго усогласување со одредбите на Законот за административни службеници кое неможеше да се спроведе докрај

и тоа во делот на основната компонента на плата за ниво бидејќи бодовите за секое ниво на кое што се распоредени административните службеници вработени во претпријатието се прилагодени и детално пресметани како не би имало некакви отстапувања од платите кои што административните службеници дотогаш ги земаа. Секое усогласување со бројот на бодови за секое ниво предвидено во Законот за административни службеници во членот 87, став 3 ќе значеше и намалување на платите кај админстративните службеници кои што претходно ги имаа стекнато тоа право.
Согласно погоре изнесеното административните службеници кои имаа стекнато право на минимален износ на повисока плата а тоа беа релативно мал број, доколку дојдеше до вакво усогласување и намалување на нивната плата ќе доведеше до работни спорови по истите, бидејќи нагласувам станува збор за стекнато право и сето тоа значеше и излагање на дополнителни трошоци на претпријатието и кои што спорови голема е веројатноста дека ќе завршат во корист на работниците.
Она што е суштествено и повторно го нагласувам дека правилникот е изготвен и истот постои и дека вашата констатација дека во претпријатието имаме неправилна пресметка и исплата на платата на вработените сметаме дека не соодвествува со реалноста бидејќи платите на вработените се исти и непроменети од 2006 година и се резултат на нивното стекнато право на повисока минимална плата стекната низ годините во претпријатието, и напоменуваме дека во претпријатието има само 4 вработени административни службеници.

➢ Во делот на забелешката дека пресметувањето на платата во ЈП „Куманово – Гас“ Куманово се врши врз основа на Одлука за усогласување на вредноста на бод, констатираме дека истата одлука е донесена согласно член 3 од Законот за изменување и дополнување на законот за исплата на плати во Република Северна Македонија (службен весник на РСМ бр 202/19), согласно на тоа за со закон решен случај не е потребна согласност од Основачот на претпријатието.

### 3.3. Финансиски извештаи

- **Во потточка 3.3.1.**

➢ Забелешката за возилото кое со Одлука на Советот на Општината е дадено на ЈП Куманово – Гас“ Куманово е двосмислена иако е констатирано и знаете дека станува збор за целосно дотраено возило скоро без вредност и дека истото неможе никако да влијае на добивката и загубата на претпријатието.
Затоа на мислење сме дека треба оваа забелешка да ја исклучите од делот Основ за изразување на мислење, но и дека ако не ја исклучите како што во разговорот со вас беше дефинирано дека и да остане спроведено на начин на кој што е, дека станува збор за минорна цена која што согласно начинот на донесување на ревизорското мислење со проценти не треба драстично да влијае врз истото.

- **Во подточка 3.3.2.**

➢ Од страна на ревизорот во извештајот дадена е забелешка посебно за немање на нормативен акт за пописот кој нормативен акт го заменува Правилникот за начинот за вршење на попис на средствата и обврските и усогласување на сметководствената со фактичката состојба (Сл Весник 107 од август 2011 година). Донесена е одлука за формирање на комисија за попис во претпријатието која комисија редовно си ја извршуваше својата работна обврска согласно погоре цитираниот правилник, па поради тоа и овде доаѓа до израз истото правило кое погоре го имам наведено за важењето на хиерархијата на правните акти што е уставно начело и неможе таквиот нормативен акт да е облигационен со оглед на изнесеното. Воедно и битно е да се напомене дека пописот е вршен редовно секоја година согласно Законот за трговски друштва и погоре цитираниот правилник за вршење на попис од страна на посебно формирана комисија со одлука и истиот е вршен во законски утврдените рокови. Извештајот за резултатите од извршениот попис во ЈП „Куманово – Гас“ Куманово со состојба на ден 31.12.2020 година ви беше доставен на непосреден увид заедно со пописните листи од физичкиот попис. Изнесеното укажува дека забелешката не претставува правна празнина во претпријатието.

➢ Што се однесува на забелешката дека во пописните листи од извршениот физички попис на материјалните средства не е вршено вредносно усогласување меѓу сметководствената и фактичката вредност сметаме дека и оваа забелешка не треба да се земе во предвид при донесување на вашето ревизорско мислење бидејќи напоменуваме дека пописната комисијата, физичкиот попис го вршат на стандардизирани пописни листи во кои се внесуваат согласно членот 11 од Правилникот за вршење на попис во којшто јасно е наведено што се внесува во самите „стандардизирани" пописни листи а тоа е согласно член 11 став 3 „внесување на сметководствената материјална состојба на средствата во пописните листи" како и согласно членот 11 алинеја 5 „внесување на вредноста (цената) по единица мерка на средствата во пописните листи", односно алинеи во кои стриктно стои дека овие податоци се внесуваат во пописните листи, што е и направено.
Сите останати алинеи согласно членот 11 во Правилникот за попис, комисијата ги вршела вклучувајќи ја и алинејата 8 „утврдување на вредносни разлики меѓу сметководствената и фактичката состојба на попишаните средства и обврски" и сето тоа било преточено и читко и разбирливо прикажано при изготвување на „Извештајот за извршен попис на ден 31.12.2020" согласно член 11 алинеја 11, каде за секое попишано средство и обврски се прикажани „сметководствената вредност и утврдената вредност на попис (фактичка состојба)" и евентуалните разлики (кусок/вишок) а сето тоа предвидено во членот 11 од Правилникот.
За волја на вистината таква евиденција за утврдените кусоци и вишоци исто така ви беше доставена од страна на сметководственото биро, која евиденција од секогаш уредно е водена, и тоа на ден 10.12.2021 година на вашите емаил - ови за кој што вие бевте согласни дека истото е добро сработено согласно Правилникот.

➢ Забелешката дека не е извршен попис на побарувањето на данокот на добивка напоменуваме дека истиот е со минорен износ од 36.780 илјади денари и тоа од 2014 година и истиот е уредно обелоденет во кварталните извештаи и во годишните сметки, како и за активните времески разграничувања напоменуваме дека истите се уредно прикажани во кварталните и годишните сметки така да истото сметаме дека треба да се тргне од вашите забелешки.

Сметам дека наводите во нацрт извештајот констатирани од ревизорите во потточка 3.3.2 дека имаат било какво влијание на искажаните состојби во трговските книги и финансиски извештаи во 2020 година, и сметам дека не се издржани, и не би требало да бидат земени во предвид при формирање на ревизорското мислење.

**5. Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет**

- **Во потточка 5.1.**

Забелешката дека со претпријатието раководи В.Д Директор и дека именувањето на директори како што имате и нотирано во Нацрт извештајот надлежна е единствено Општината, која нема превземено мерки и активности за именување на директор на јавното претпијатие повеќе од 3 години, Сметаме дека ваквата ваша констатација е неиздржана и нотирана на погрешна адреса а не на вистинското место каде што е стварната надлежност и од чија страна не е испочитувана оваа обврска.

- **Во потточка 5.2.**

По однос на забелешките во потточката 5.2. го изнесуваме следното: Општината како основач на претпријатието има склучено договор со трет субјект и тоа Фабрика за заварени цевки „11 Октомври" на 03.10.2006 година со предмет на договор изработка, транспорт, развоз и монтажа со заварување на челични подолжно заварени цевки Ф159х4,5 мм со вкупна должина од 6,760 м.чија проценета вредност од страна на овластен проценител изнесува 24.012 илјади денари.

Согласно правилото Pacta sunt servanda која важи во облигационото право и воопшто договорите дејствуваат и се извршуваат интерпартес, а ние во оваа ситуација се наоѓаме во положба само на корисник и затоа во нашето сметководство правилно се евидентирани како побарување од основачот, впрочем од страна на основачот дури во 2016 година е ангажирано независно ревизорско биро чии што наоди во „Извештајот за евиденција на осничачкиот влог“ се спроведени во нашето сметководство по налог на Основачот, односно вредноста на вградените цевки е 12.271 илјади денари и истите согласно овој извештај се евидентирани во билансот на состојба, а остатокот до 24.012 илјади денари кои што се впишани во ЦРРСМ со одлука на Совет на Оштина Куманово и претходно извршена проценка од страна на овластен судски проценител или износот од 11.741 илјади денари се евидентирани како останати побарувања дури во во првиот квартал од истата година 2016 година за прв пат. Дотогаш освен овие средства што биле упишани во ЦРСМ како непаричен влог на 24.012 денари воквартални изветаи и годишните сметки воопшто не било прикажувано побарување за останатите 11.741 илјади денари кои што не се добиени.

Сето ова е во име на јавниот интерес бидејќи средствата кои не се набавени и не се вградени од Основачот согласно договорот, мора да бидат евидентирани како побарување од Основачот и тоа од наша страна како корисник на истите, а Основачот кога ќе ги набави и истите се вградат на некоја локација тогаш ќе се евидентираат како основно средство на претпријатието како што се евидентирани претходно добиените и вградени челични цевки досега за должина од 3.454м во износ од 12.271 илјади денари.

Навистина е цинизам констатираното од ревизорот неисполнетата обврска од Основачот Општина Куманово да биде констатирано како недостаток во работењето на претпријатието, повторно нагласуваме тоа е обрска на Основачот и ревизорот треба на нему да му укаже, бидејќи претпријатието нема договор со основачот, а прашањето за веќе вградените цевки е решено со одлука за пренесување на правото на користење на основни средства за вршење на дејноста на ЈП „Куманово - Гас“ Куманово од страна на Советот на општина Куманово од 12 мај 2011 година, а за невградените треба да се реши преку договорот со нашиот Основач и ФЗЦ 11 Октомври.

Констатацијата дека во изминатиот период општината нема ништо превземено како мерки и активности за наплата на побарувањето сметаме дека тоа е прашање за Основачот, а тоа што се запишани кај нас во претпријатието е заради евиденција на овие средства, во спротивно никаде нема да бидат евидентирани што е̓ јавен интерес.

5. **Останати прашања**

- Во потточка 6.1.

Изнесените забелешки за просториите кои што ги користи ЈП „Куманово – Гас“ Куманово за кои што простории Општината Куманово има склучено договор за закуп самиот ревизор констатира дека станува збор за нерешено прашање со законот, се поставува прашањето зошто забелешките се однесуваат на претпријатието кога во конкретниот случај претпријатието ги прими на користење овие простории согласно одлука на општината која одлука мора да се темели на пропис што е исто така прашање за Општината.

За крај сакаме да обрнеме внимание дека за целосна институционална одговорност и за забелешките во работењето на претпријатието, односно за сите забелешки од работењето на претријатието може да се зборува ако основачот на претпријатието тоа го обезбедил со основачкиот акт што не е случај со ова претпријатие, бидејќи на пример многу систематизирани работни места не се пополнети со соодветен кадар. Во претпријатието за текот на 2020 година која е година предмет на ревизија има 9 вработени со В.Д директорот кои вработени кои извршуваат работни задачи и од други работни места, впрочем како резултат на тоа сме корисници и од и на услуги од други субјекти како што е на пример водење на сметководствената и финансовата политика.

Суштествено е тоа што ова претпријатие во изминатиот период како и во периодот кој што е предмет на ревизијата претпријатието во сите сегменти на работењето и покрај некои формално нормативни недостатоци има покажано огромни резултати како на финансиски план така и на лице место со изработени нови дистрибутивни гасоводни мрежи, нови приклучни делници, инсталации, приклучоци на физички и правни лица што е крајна цел на институцијата и не е фалба ако се потврди фактот што е неспорен и нотoрерн дека во последните години ова е највисок постигнат резултат и тоа како во изградената мрежа и новите приклучоци особено ако се наведе гасификацијата на Општата болница во Куманово најголем загадувач а воедно и најголем потрошувач кој што ќе донесе големи финансиски придобивки за буџетот на претпријатието особено на приходната страна, така и во делот на финансиското работење на претпријатието за што сведочат и кварталните и годишните извештаи и ова требаше иако делимично да биде констатирано и во извештајот. За сето ова изнесено наоѓам материјална поткрепа на лице место.

**„Формалното не е во суштината“.**

Со почит,

ЈП „Куманово – Гас“ Куманово

ЈП „Куманово – Гас“ Куманово

М-р Никола Денковски дипл.економ

**Одговор**
**на забелешки на**
**Нацрт извештај на Овластениот државен ревизор**

На ден 06.04.2022 година добиени се забелешки на Нацрт извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2020 година на ЈП „Куманово гас“ Куманово, бр. 03 - 246/1 од 01.04.2022 година, од страна на поранешниот в.д. директор, Никола Денковски, заведени во Државниот завод за ревизија под број 17-635/4 од 06.04.2022 година.

Забелешките се разгледани од страна на овластениот државен ревизор и констатирано е следното:

1. Забелешката на констатираната состојба **во точката 3.2.1. алинеја 1** која се однесува на не донесени сметководствени политики кои се применуваат во изготвувањето, презентирањето и обелоденувањето на финансиските извештаи на претпријатието, **не се прифаќа,** поради не доставени дополнителни докази кои влијаат на утврдената состојба. Во забелешката е наведено дека јавното претпријатие, изготвувањето и презентирањето на финансиските извештаи го вршело врз основа на меѓународните стандарди МСФИ и МСС, а донесените Сметководствените политики ќе се применуваат во иднина, како што е соодветно обелоденето во Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

2. Забелешката на констатираните состојби **во точката 3.2.1. алинеја 2** кои се однесуваат на обврската на јавното претпријатие за објавување на годишната сметка и кварталните извештаи на својата веб страна, **претставува известување** за преземени активности за надминување на утврдените состојби. Во забелешката е наведено дека, јавното претпријатие и покрај недостаток на вработено стручно лице – информатичар ги објавува кварталните извештаи и завршната сметка на својата веб страна. По укажување на ревизијата, на веб страната се објавени податоците за 2020 година, но не се ажурирани во целост податоците за 2021 година, односно не е објавен финансискиот извештај за последниот квартал од 2021 година и годишната сметка за 2021 година во законски утврдените рокови.

3. Забелешката на констатираната состојба **во точката 3.2.2..** која се однесува на слабости во пресметката и исплатата на плата на вработените во јавното претпријатие, претставува **известување** за причините за не усогласеноста на Правилникот за плати со законските одредби и Одлуката за усогласување на вредноста на бодот, донесена во октомври 2019 година, која беше земена во

предвид во текот на ревизијата, но не и Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за тековната 2020 година, која треба да се утврдува секоја година, во рок од десет дена од денот на влегувањето во сила на финансискиот план на јавното претпријатие.

4. Забелешката на констатираната состојба **во точката 3.3.1**. која се однесува на примена на несоодветен сметководствен пристап за добиената државна поддршка во средства, **не се прифаќа**, поради не доставени дополнителни докази кои влијаат на утврдената состојба. Во забелешката се наведува дека добиеното возило е со мала вредност и не влијае на остварениот финансиски резултат на претпријатието, што ја потврдува констатираната состојба за несоодветен сметководствен третман на државната поддршка кое ја има добиено претпријатието во вид на средство.

5. Забелешката за констатираната состојба **во точката 3.3.2.** која се однесува на нецелосен и неправилно спроведен попис на средствата и обврските и не усогласување на сметководствената со фактичката состојба, **не се прифаќа,** поради не доставени дополнителни докази кои влијаат на утврдената состојба. Во забелешката се наведува дека пописот е извршен согласно Правилникот за начинот на вршење на попис на средствата и обврските и усогласување на сметководствената со фактичката состојба на стандардизирани пописни листи, но не е донесен посебен акт со кој ќе се утврди начинот на вршење попис кој одговара на специфичностите на неговата дејност и на карактеристиките на средствата и обврските кои се предмет на пописот, што ја потврдува констатираната состојба. Имено, пописот е извршен на стандардизирани пописни листи, но не е внесена вредноста на материјалните средства, не е извршено усогласување меѓу сметководствената и фактичката состојба констатирана со пописот и не е извршен попис на побарувањата за повеќе платен данок на добивка, останати побарувања и активни временски разграничувања.

6. Забелешката на констатираната состојба **во точката 5.1.,** во делот Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет, а која се однесува на именувањето на вршител на должност, **не се прифаќа,** од причина што, согласно Законот за државната ревизија, Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI), методологијата, правилниците и упатствата за вршење на ревизија од Државниот завод за ревизија, ревизорот нагласува прашања чиј исход зависи од идни дејствија/настани и кои може да влијаат на финансиските извештаи или настани кои не се под директна контрола на субјектот, но може да влијаат на финансиските извештаи. Нагласувањето на некое прашање на неизвесност не влијае на ревизорското мислење.

7. Забелешката на констатираната состојба **во точката 5.2.,** во делот Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет, а која се однесува на не паричниот влог на основната главнина запишана во Централниот регистар, **не се прифаќа,** од причина што, согласно Законот за државна ревизија, Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI), методологијата, правилниците и упатствата за вршење на ревизија од Државниот завод за ревизија, ревизорот нагласува прашања чиј исход зависи од идни дејствија/настани и кои може да влијаат на финансиските извештаи или настани кои не се под директна контрола на субјектот, но може да влијаат на финансиските извештаи. Нагласувањето на некое прашање на неизвесност не влијае на ревизорското мислење.

8. Забелешката на констатираната состојба **во точката 6.1.,** во делот Останати прашања, а која се однесува на системска слабост во Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост за неможноста на општините да даваат на времено или трајно користење недвижни ствари на правни лица основани од општината **не се прифаќа,** од причина што согласно Законот за државна ревизија, Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI), методологијата, правилниците и упатствата за вршење на ревизија од Државниот завод за ревизија, ревизорот дава насоки за соодветно дополнување на законското решение и истото не влијае на ревизорското мислење.